Врз основа на член 21, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14 и 44/15) комисијат за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Ѓорче Петров-Скопје со решение број 08-1777/1 од 28.05.2014година, утврди текст за одобрената одлука, врз основа на која:

**Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното :**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралото подрачје во Општина Ѓорче Петров, дека се распишува:

## Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови за првиот квартал од 2016година

**Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање** (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14 и 44/15) **, во првиот квартал од 2016 годона.**

- **Во период од 01.03.2016 до 31.03.2016 година, сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од член 7 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.**
- **Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или урбанистичко – планска документација, со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- **Јавниот повик ќе трае од 01.03.2016 до 31.03.2016 година,** сметано од објавата во дневно гласило „Утрински весник".
- **Јавниот повик ќе биде објавен** на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk, на огласна табла во општината и секторот за урбанизам и во информацискиот систем е – урбанизам и објава во службено гласило на општината .
- **Заинтересираните правни и физички лица, иницијативите да ги достават** во архивата на општината или архивата во секторот за урбанизам во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, во определениот рок.
- **За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат на време информирани во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.
- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во програмата Ф на општината за 2016 година.
- **Средствата за прифатените иницијативи** за изготвување на потребната документација, треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите - правни или физички лица

Број 09-516/2
22.02. 2016год.
Скопје

Општина Ѓорче Петров
**Градоначалник,**

---------------------------------

**Сокол Митровски**